**20110922226**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 33 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 161/2010), член 9 став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија” бр.146/2009 и 53/2011), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2006, 88/2008, 31/2010, 36/2011 и 53/2011), член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008 и 116/2010), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/2010 и 53/2011), член 7 став 3 и 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/2010 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.7.2011 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2011 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2011, 19/2011, 27/2011, 44/2011 и 71/2011) во делот II во табелата по подмерката 1.14. се додава нова подмерка 1.15. која гласи:

| Бр.на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 1.15. | Директни плаќања за произведени домати и краставици на отворено и во пластеници, продадени во периодот од 1.6 до 30.6.2011 година |

II

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-3605/1
5 јули 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.